18

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ - - SEKRETARIATI I PËRGJITHSHËM -

**Македонска асоцијација за применета психологија-Симболикум**

(Име на здружението/ фондацијата)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 25. 01. 2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 19- | 5/1 | ✓ | ✓ |

[redacted]

Врска 19-92/1,2,3-21

**"Младите и пандемијата со COVID-19"**
(Име на проектот)

**Скопје, јануари, 2022 година**
(место) (датум)

[redacted]

| | |
|---|---|
| Број на договор за обезбедување на финансиска поддршка | 19-92/2 од 23.07.2021 година |
| Име на здружението/фондацијата корисник | Македонска Асоцијација за Применета Психологија-Симболикум |
| Наслов на проектот | Младите и пандемијата со COVID-19 |
| Период на спроведување на проектот | од 01.08.2021 година до 31.12.2021 година |
| Лице овластено за застапување на корисникот | м-р Јорданка Черепналкова-Трајкоска |
| Проектен менаџер | Виш. науч. сор. д-р спи. Татјана Зорчец |
| Телефон и е-пошта за контакт | 070/620226 / tzorcec@gmail.com |
| Цел на проектот | Истражување на размислувањата, потребите, потешкотиите, статусот на менталното здравје на младите во текот на пандемијата. Исто така, цел е да се слушнат и нивните препораки изворно, за олеснување на потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат во текот на пандемијата. |
| Целна група | Млади на возраст од 15 до 25 години |
| Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот | целата територија на државата / Скопје |
| Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување на финансиска поддршка) | 600 000, 00 ден. |
| Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот | 600 455, 00 ден. |

Во рамките на проектот "Младите и пандемијата со COVID-19", сите планирани активности и очекувани резултати успешно се реализираа. Проектните активности беа следниве:

А1. организациски и административни работи.
А2. изготвување на соодветен прашалник и подготовки за изведување на истражувањето кај младите.
А3. спроведување на истражувањето, со низа средби и состаноци со професионалци од областа, како и со младински и сродни здруженија, со цел да се објаснат активностите и целите на проектот и да се лоцираат што поголем број на испитаници.
А4. организација, пристап до и формирање на фокус групите.
А5. спроведување на активностите со фокус групите.
А6. анализа на активностите и статистичка обработка на податоците од истражувањето и фокус групите.
А7. извлекување на заклучоци и препораки и поднесување на извештај.

Резултатите кои произлегоа од проектните активности се следните:
Р1. успешно административно и временско спроведување на активностите

Р2. изготвен соодветен прашалник за истражување кај младите
Р3. успешно спроведено анкетирање и соработка со партнерските организации и институции
Р4. успешно формирани фокус групи
Р5. успешно спроведени фокус групи
Р6. спроведена е статистичка и наративна обработка на добиените податоци
Р7. добиени заклучоци и препораки за намалување на штетното влијание на пандемијата врз менталното здравје на младите, подобрување на нивната благосостојба, подобрување на квалитетот на нивниот живот и олеснување на секојдневното функционирање.

Проектните активности и добиените резултати ја оствариja целта на проектот да се истражат размислувањата, потребите, потешкотиите, статусот на менталното здравје на младите во текот на пандемијата како и да се слушнат нивните препораки за олеснување на потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат во текот на пандемијата.

[redacted]

| Активност (како што е предвидено со проектот) | Опис на спроведената активност | Период на спроведување | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|
| Организациски и административни работи | - Потпишување на договор<br>- Координација и средби со проектниот тим<br>- Координација и средби со проектните партнери | 01.08-15.08.2021 година | - координација<br>- организација<br>- вмрежување<br>- поддршка |
| Изготвување на прашалник и подготовки за изведување на истражувањето кај младите | - Креирање на прашалникот<br>- Изготвување на хартиена и online верзија на прашалникот<br>- Подготовки за изведување на истражувањето кај младите | 15.08-30.09.2021 година | - изготвен прашалник со 50 прашања<br>- изготвена и поставена online верзија на прашалникот<br>- прелиминарни контакти со потенцијалните испитаници |
| Спроведување на истражувањето | - Спроведување на истражувањето online и во живо | 01.10-30.11.2021 година | - контактирани училишни и студентски организации и асоцијации, наставнички и професорски кадар, поединци<br>- анкетирани 234 испитаници |
| Организација, пристап, формирање на фокус групите и спроведување на активностите со фокус групите | - Фокус групи | 01.11-30.11.2021 година | - организирани и формирани фокус групи<br>- дефинирани цели на фокус групите<br>- дефинирани и дискуирани клучни прашања и добиени релевантни одговори во фокус групите |
| Анализа на активностите и статистичка обработка | - Статистичка и дескриптивна обработка и анализа на добиените податоци | 01.12-15.12.2021 година | - анализирани податоци<br>- база за ефикаксно презентирање на резултатите |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на податоците од истражувањето и фокус групите | | | - стекнати нови сознанија<br>- створени предуслови за донесување на заклучоци и мислење |
| Извлекување на заклучоци и препораки и поднесување на извештај | - Донесување на заклучоци и изготовка на извештај | 15.12-31.12.2021 година | - донесени заклучоци и мислење<br>- изготвен извештај<br>- пишување на научен труд базиран врз добиените проектни резултати. |

[redacted]

Во текот на времетраењето на проектот не наидовме на никакви потешкотии во реализирањето на проектните активности.

[redacted]

| Активност | Индикатори | |
|---|---|---|
| | Број на учесници | Број на примероци |
| 1. претставување на проектот пред членовите на здружението | 10 | |
| 2. претставување на проектот пред проектните партнери | 21 | |
| 3. претставување на проектот пред членовите на фокус групите | 10 | |
| 4. претставување на проектот пред волонтерите на здружението | 7 | |
| 5. претставување на проектот на студенти | преку 100 | |
| 6. публицирање на научен труд со резултатите од проектот | не може да се утврди | |

[redacted]

Целите на проектот "Младите и пандемијата со COVID-19" во потполност се постигнаа. Ги истраживме размислувањата, потребите, потешкотиите и статусот на менталното здравје на младите во текот на пандемијата. Исто така, ги слушнавме нивните препораки за олеснување на потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат во текот на пандемијата. Резултатите потврдија значајни промени во квалитетот на живот на младите, присуство на несигурност, промени во расположението и поведението, како и на песимизам во поглед за иднината и враќањето на нормалниот начин на живот. Слични наоди се рапортираат и кај млади луѓе во други земји.

Преку спроведување на истражувањето и фокус групите, ги добивме следните предлози за надминување на потешкотиите во менталнто здравје предизвикани од пандемијата со корона вирусот:

- поттикнување на сигурни дружења
- учење и читање книги
- разни релаксациони активности
- позитивно размислување
- да не слушаат вести секој ден
- вакцинација
- формирање на разни групи на поддршка

- спроведување на едукативни семинари за менталното здравје
- поттикнување на физичка активност
- да се намали медиумската напнатост и сеењето на страв и паника.

Заклучно, како неопходни мерки за ублажување на штетните последици од пандемијата ги наведуваме следните:

- запознавање и разбирање на сите битни чинители во општеството за штетните ефекти од пандемијата со COVID-19 врз менталното здравје кај целата популација, особено кај младите генерации
- подигање на општата свест кај населението преку разни кампањи за значењето на менталното здравје и можностите за ефикасно разрешување на потешкотиите
- промовирање на значењето на квалитетно поминато време со членовите на семејството
- промовирање на дневни рутини и вообичаени дневни активности
- инвестирање во психолошки советувалишта и услуги
- инвестирање во разни физички и спортски активности
- препораки и кампањи за подигање на свеста кај младите за штетните ефекти на прекувремено поминатото време на социјалните медиуми
- пронаоѓање на сигурни начини за оддржување на социјалните релации со своите врсници
- промовирање на здрави животни навики
- препораки за намалено изложување на дневните ковид биланси
- препораки за избалансирано известување за пандемијата.

МАПП-Симболикум, согласно својата мисија и визија, ќе продолжи и понатаму со своите активности и во идни проекти, базирани на промоција и заштита на менталното здравје и подобрување на благосостојбата на граѓаните.

[redacted]

| [redacted] | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| [redacted] | | | |
| Плати | | | |
| Придонеси и даноци од плати | | | |
| Надоместоци и хонорари | 535 000, 00 | 535 000, 00 | |
| Придонеси и даноци од надоместоци и од хонорари | 58 850, 00 | 59 445, 00 | |
| [redacted] | | | |
| Транспорт | | | |
| Хотелско сместување | | | |
| Дневници | | | |
| [redacted] | | | |
| ИТ - опрема | | | |
| Мебел | | | |
| Друга опрема (специфицирај) | | | |
| [redacted] | | | |
| Канцелариски материјали | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Други трошоци (специфицирај) | | | |
| [redacted] | | | |
| Трошоци за комуникација Интернет | | | |
| Банкарски провизии | 6 150, 00 | 6010, 00 | |
| [redacted] | | | |
| Користење канцеларија | | | |
| Други индиректни трошоци (специфицирај) | | | |
| [redacted] | | | |
| Договори за услуги | | | |
| Изнајмување простории за организирање настани | | | |
| Публикации | | | |
| Конференции и работилници | | | |
| Комуникациски продукти | | | |
| [redacted] | **600 000, 00** | **600 455, 00** | |

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка како неоправдани трошоци се сметаат: инвестиции во капитал, заеми, камати, глоби и трошоци за судски постапки, набавка на користена опрема, трошоци за дополнително здравствено и пензиско осигурување (освен задолжителното), трошоци за бонуси кон вработените, трошоци кои веќе се финансираат од други (јавни) средства во текот на спроведувањето на проектот, придонес во натура, трошоци кои не се во согласност со Договорот или целите на проектот.

[redacted]

Согласно член 10 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје 24.01.2022 год.

М-р Јорданка Черепналкова-Трајкоска
претседател на МАПП
(име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

СИМБОЛИКУМ
М.П.
Скопје

(Потпис)